РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Арх. бр. 10-1915/2
06.09.2021 година
Скопје

Врз основа на член 12 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје(Универзитетски гласник бр. 417/2019) оддел III точка 4 од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2021/2022, а во врска со приговорот поднесен од Надица Јованова бр. 10-1915/1 од 3.9.2019, Конкурсната комисија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2021/2022 на ден 6.9.2021 година ја донесе следното

# ОДЛУКА

по приговор бр. 10-1915/1 од 3.09.2021 година поднесен од Надица Јованова

1. ПРИГОВОРОТ на Надица Јованова бр. 10-1915/1 од 3.9.2021 година со пријава бр. 88411 за проверка и корекција на вкупниот бодови во прелиминарната листа за упис на студиската програма стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет - Скопје СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

***Образложение***

Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет – Скопје согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје во учебната 2021/2022 година на 3.09.2021 година објави прелиминарна листа на пријавени кандидати за упис на Факултетот со вкупен број на остварени бодови. Кандидатот Надица Јованова вложи навремен приговор во кој наведува дека бројот на бодови на прелиминарната ранг листа не се совпаѓа со бројот на бодови даден во пријавниот лист. Конкурсната комисија на 6.9.2021 година го разгледа приговорот и утврди дека истиот не може да биде усвоен бидејќи постои основана причина за промена на бројот на бодовите и тоа поради погрешно внесени оценки од предметите од средното образование. Исто така комисијата констатираше дека интерниот предмет Бизнис е несоодветен за упис на студиската програма стручни забни техничари што резултира со намален број на бодови. Од тие причини бројот на бодовите од оценките од средното образование е 58,750 , а вкупниот број на бодови е 89,842 што е адекватен на бројот на бодови кој е објавен во прелиминарната ранг листа. Со оглед на тоа се реши како во точка 1 од оваа Одлука.

**Конкурсна комисија на Факултетот**

Претседател – Проф. д-р Мира Јанкуловска с.р.

-проф. д-р Борис Величковски с.р.
-проф. д-р Василка Ренцова с.р.
-проф. д-р М.Пеева Петреска с.р.
-проф. д-р Лидија Кануркова с.р.
-проф. д-р Весна Коруноска Стевковска с.р.
-проф. д-р Маја Пандилова с.р.

Доставено до

-именуваниот/та,
-досие – архива
-веб страна на Факултетот